З А П И С Н И К

Од 9- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 9-та редовна седница на ден 30.05.2022 година (Понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на Спортската сала на ООУ„Гоце Делчев“, Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците Крсте Панев и Блажо Коцев.
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево и Сања Стојанова, представник од општинската аддминистрација,
Пред да биде предложен дневниот ред за работа на деветата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од осмата седница на совет на општина Василево одржана на ден 18.04.2022 година, немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
По отворената расправа по записникот од вонредната седница одржана на ден 26.04.2020 година немаше забелешки беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 9 -та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2022 година за општина Василево;
2. Предлог- одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Струмица и општина Василево;
3. Предлог-одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ново Село и општина Василево;
4. Предлог-одлука за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација;
5. Предлог-одлука за усвојување на почетниот баланс, годишните сметки за 2021 и 2022 и Извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатијатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот;
6. Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев“, Василево за 2023 година;
7. Давање согласност за паралелки под законски минимум за учебната 2021/22 година во ООУ „Гоце Делчев“, Василево;
8. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Митко Ефтимов од с. Василево;
9. Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2022 година.

Процедурално за збор се јави Билент Исинов бидејќи и градоначалникот е присутен сака да ги информира советниците бидејќи е член на комисијата за општествени дејности и најголем иницијатор во општина Василево за одржување на Ивтарската вечер во село Градашорци за која се одредени 30.000 денари со градоначалникот имат разговарано во иднина да се зголемат и до 100.000 денари, рече дека чест му е што започна да се организира овој настан но се случи нешто што како советник беше поканет од страна на градоначалникот да присуствува но по партиска база беше одбиен.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека на Ивтарската вечер беа поканети представници од сите политички партии што се има случено таму измеѓу нив тие сами треба да си го решат проблемот смета дека да не се крши процедурата да продолжи седницата по точките кој што се на дневниот ред.

Билент Исинов рече дека и порано кога градоначалникот беше како правник во општина Василево на седниците се предлагаа точки под разно и сега има потреба по некој точки градоначалникот да биде прашан.

Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево рече дека тоа е нивен проблем тие сами треба да си го решат овој проблем, темата е вонка од дневниот ред нека закажат на некоја наредна седница точка советнички прашања сега на оваа седница треба да се расправа по точките што се по дневниот ред.

за збор се јави Живко Атанасов предлага надопонување на дневниот ред:

-Како 10-та точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2022 година.

Како 11-та точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Атанас Чакров од с. Пиперево;

Како 12-та точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Џенгис Алиманов Џамискиот Одбор од с. Пиперево;

Ване Андонов член на Советот рече дека се јави за дискусија поради ситуацијата што предходно се случи рече дека,на седницата присуствуват 15 советници што би било ако секој од нив излегува кога ке му текне повикувајќи се процедурално да зборува за тоа што ќе посака седницата ќе трае до безконечност, рече дека лично него не го интертесира што се има случено во Градашорци на Ивтарската вечер ниту пак има присуствувано тоа не е негов проблем таму имат присуствувано градоначалникот и дел од советниците според него тие проблеми треба надвор да се решават. Постои Деловник каде што се пропишани правила како треба да тече работата на седницата на Совет како највисоко представничко тело, граѓаните на општина Василево треба да ги почитуват правилата и прописите според него претседателот на Советот не треба да дозволува да ја злоупотребуват говорницата за непотребни работи. нема ништо против никого сите се граѓани доколку некој сака нека побара дополнителна точка советнички прашања да се разговара по точката. Според него тоа е прекршување на Деловникот за работа Смета дека тоа е некоректно од страна на советникот Билент Исинов познати му се работите бидејќи тој е советник повеќе мандати,

Александра Мадевска предложи како 13 дополнителна точка од дневниот ред да биде: Дискусија за пописот што е спроведен и употреба на турскиот јазик како втор службен јазик во општина Василево.

Немаше друг пријавено за збор предложените предлози на Живко Атанасов за надополнување на дневниот ред: -Како 10-та точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2022 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
- Како 11-та точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Атанас Чакров од с. Пиперево; беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Како 12-та точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено одЏенгис Алиманов;с.Пиперево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.
Предложениот предлог на Александра Мадевска како 13 дополнителна точка од дневниот ред да биде: Дискусија за пописот. беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред со со усвоените предлози на Живко Атанасов за надополнување на дневниот ред: - Како 10-та точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2022 година.

Како 11-та точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Атанас Чакров од с. Пиперево;

Како 12-та точка од дневниот ред да биде: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено одЏенгис Алиманов од с. Пиперево;

Заедно со усвоениот предлог на Александра Мадевска како 13 дополнителна точка од дневниот ред да биде: Дискусија за пописот. , беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2022 година за општина Василево; за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општесвени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Александра Мадевска побара образложение за какви вработувања станува збор за да може да бидат запознаени советниците за што гласат.
Славе Андонов Градоначалник на општина Василево рече дека тоа е законска обврска со донесување на овој Годишен план минатата година Советот има донесено план кој што има нула вработување, бидејќи беше изборна година, изборите беа во Септември обврска е до крајот на

месецот обврска е секија наредна година да се донесе план за Вработување ставот на правната служба бил да се стави нула вработување . Така е направено и во Јавното комунално претпријатие и од таму во наредниот период се опчекува да стигне таков план. Проблем има околу процедурата за вработување доколку не се добие согласност на овој план ќе има проблем околу пензионирање и покренување за работни места. Тука се предвидени унапредување на неколку вработени во општина Василево има предвидено и неколку вработувања, бидејќи се најавува на 4 до 5 вработени на кој им престанува работниот однос каде што во одделението за урбанизам има секојдневно тековни потреби на граѓаните мора да има вработено лице. Двајца вработени има прекувремено вработени истите треба да добијат статус на аддминистративни службеници тие веќе добиват плата за нив општината има обезбедено плата. Исто така има потреба и од вработување на комунален инспектор кој што е законска обврска, има вработено еден редар ќе треба да се вработи уште еден во тој дел се однесуват двете нови вработувања комунален редар и комунален инспектор. Ќе има и две места кој нема да се подполнат овие средства ќе останат во Буџетот според тоа ќе има и ребаланс на Буџетот да не дојде до нереализација на Буџетот тука ќе има заштеда од платите.
Билент Исинов член на Советот на општина Василево постави прашање до градоначалникот дали планира некој вработувања од Турската заедница бидејќи поминат е и пописот побара образложение.
Славе Андонов Градоначалник на општина Василево рече дека законот за административни службеници си има постапка, таму не се бира по националности туку кој ќе се пријави на огласот тој ќе биде вработен. Околу договорот спрема балансиерот што го има таму јасно кажува таму дали треба да биде турчин или македонец тој како градоначалник тоа не може да го менува тоа е така според министерството за информатичко општество и тоа не зависи ниту од општината ниту пак од градоначалникот тоа ќе се гледа според бројот на турското население или било која националност и ќе се одлучи кој треба да се вработи. Доколку не се пријави од турска националност ќе биде назначен вториот по редослед тоа е законска процедура каде што не одлучуват за тоа градоначалникот ниту општината има влијание за тоа.

Немаше друг пријавено за збор првата точка: Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2022 година за општина Василево;беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог- одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Струмица и општина Василево;; за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред: Предлог- одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Струмица и општина Василево; беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ново Село и општина Василево; за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Александра Мадевска побара образложение.

Славе Андонов Градоначалник на општина Василево рече дека во делот на урбанизмот потребни се лица за продажба на градежно земјиште сега тој предлог се прифаќа тоа е законска процедура каде што мора да помине.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ново Село и општина Василево; беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација; беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со13гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за усвојување на почетниот баланс, годишните сметки за 2021 и 2022 и Извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатијатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој развој рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор петата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за усвојување на почетниот баланс, годишните сметки за 2021 и 2022 и Извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатијатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“, Струмица – во ликвидација и одобрување на работата на ликвидаторот;

беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев", Василево за 2023 година; за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 глас „за",, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот редбеше Годишен план за вработување на ООУ „Гоце Делчев", Василево за 2023 година, беше ставена на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, .

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред: Давање согласност за паралелки под законски минимум за учебната 2021/22 година во ООУ „Гоце Делчев", Василево; ; за збор се јави Спасенка Митева Спасенка Митева претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 глас „за",, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор седмата точка од дневниот ред: Давање согласност за паралелки под законски минимум за учебната 2021/22 година во ООУ „Гоце Делчев", Василево;беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржа нема.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Митко Ефтимов од с. Василево; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека Комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена го усвои предлогот со 3 гласа,, за,, против,, и ,, воздрани нема да се доделат финансиски средства во износ од 6.000 денари.

Александра Мадевска се јави за збор рече дека во барањето се барат 5.000 денари за организирање на прослава смета дека прославата по повод празникот Ѓурговден на манастирот св. Ѓорги во Василево одамна е помината според неа тоа не е во ред праша дали овие средства се доделува за сега или пак догодина според неа иако општината е задолжена се доделуват средства на нешто што е поминато што не е во ред доколку се продолжи така да се доделуват средства незнае до каде ќе стигне општината.

Ване Андонов да не дојде до заблуда советничката Александра Мадевска барањето е поднесено на 5.000 денари секој член од комисијата има право да предлага повеќе или помалку средства, негов

предлог на комисијата беше да се доделат 6.000 денари којшто и беше прифатен од комисијата од 4 члена комисијата го усвои со три гласа за и 1 не гласаше тоа беше во врска со висината на средсвата . Околу прашањето за периодот кој е доставено барањето Барањето е доставено пред Гурѓовден истото е доставено и до Советот после Гурѓовден за тоа што пред Ѓурговден тој период нема одршано седница на Совет според него Барањето регуларно е поднесено за тоа никој не е виновен што нема одржано седница пред празникот и негледа ништо спорно во тоа.

Александра Мадевска точно е дека барањето е доставено на 03.05.2022 година праша каде сега ќе одат тие средства каде бил досега подносителот на барањето кога се организирала оваа пригода таму убаво е дадено според неа некоректно е сега да се доделуват средства за нешто што е веќе поминато. Рече дека таа лично нема ништо против тоа и доколку е така требаше и минатата седница имаше поднесето такво Барање и тогаш требаше да се доделат средства а тогаш Барањето беше одбиено.

Славе Андонов Градоначалник на општина Василево Рече дека и порано имало доставувани такви барања за ловечката вечер во Босилово па беа доделувани средства. Проблем е доколку не се одржала манифестацијата тогаш тоа за него представува криминал. Бидејќи тоа е веќе организирано и запознаени се сите никој не е виновен за тоа тој што немало седница не значи и дека неможе да му се доделат средства, лицето во моментот се снашло да организира сега општината треба да помогне, битно е што манифестацијата е одржана има повеќе такви случаи каде што Советот има доделувано средства после одржувањето на такви манифестации.

Билент Исинов Како член на комисијата за финансирање рече дека немаше ништо против да се доделат средства туку имаше предлогда се одземе точката од дневниот ред според него за да се организира треба Барање да се поднесе пред да се организира манифестацијата до колку се додели по барањето да не гласи за Ѓурговден бидејќи е поминато смета доколку се доделат треба општината Градоначалникот и советниците да бидат покриени.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансиски средства во износ од 6.000 денари поднесено од Митко Ефтимов од с. Василево; од 13присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Осмата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Митко Ефтимов од с. Василево;со усвоениот предлогот да се доделат финансиски средства во износ од 6.000 денари беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со13 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2022 година.за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 5 глас „за“,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор девета точка од дневниот ред деветата точка од дневниот ред: Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2022 година, беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,,

10.

По отворената расправа по десетата точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2022 година. за збор се јави Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека тоа е доставено по барање од ООУ,, Гоце Делчев“ Василево и „Атанас Нивичансаки“од Нова Маала има потреба од одредени измени на распоредот на средствата со цел одржување на згради или нешто ќе се гради во училиштето повеќето се однесува за ООУ,, Гоце Делчев“ Василево за плаќање на судски решенија тоа е за двата правника на двете школи на ниво на региони има добиено одредени пресуди на суд кој што ги следува средства кој што мора да се исплатат по судски решенија и последното е трансвери при пензионирање каде што во јуни одат 5 до 6 наставници во пензија за прв пат имат можност школите имат средства да ги исплатат тие средства од 500.000 денари што е голема помош за општината конкретно се однесува за ООУ,, Гоце Делчев“ Василево се надева дека со тоа покажува дека добро работи и треба да се подржи овој начин на работа.

Александра Мадевска рече дека имаше предлог проект целото школо да се реконструира праша до каде е дојдено со тоа.

Славе Андонов Градоначалник на општина Василево рече дека тој проект е од Министерството за образование и е усвоен но не е добиен се работи за голем проект од 50.000 000 денари во моментот нема повратна информација добиено од некоја програма во Јануари излезе во Службен весник нема распределено на ООУ,, Гоце Делчев“ Василево сепак е во план запознаен е дека Босилово е испаднато Ново Село и Василево сеуште стојат со Водочкото школо Струмица и Василево се во програмата и е во план во во текот на неделата да оди во Министерството за образование да се забрза процедурата, стои за Василево не е отргнато се работи за голем проект кој е енергетски ефикасен школото целосно да се реализира сега треба да се бара и да почне да се реализира.

Немаше друг пријавено за збор десета точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2022 година, беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема

11.

По отворената расправа по единајсетата точка од дневниот ред :Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Атанас Чакров од с. Пиперево; за збор се јави Ване Андонов член на советот на општина Василево предлага да се доделат финансиски средства во износ од 40.000 денари

Немаше друг пријавено за збор предлогот од Ване Андонов да се доделат финансиски средства во износ од 40..000 денари поднесено од Атанас Чакров од с. Пиперево; , беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево го усвои со 13гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема

Единајсетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Атанас Чакров од с. Пиперево;со усвоениот предлогот да се доделат финансиски средства во износ од 40.000 денари, беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со13 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема.

12.

По отворената расправа по дванајсетата точка од дневниот ред : Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Џенгис Алиманов од с. Пиперево; за збор се јави Билент Исиновге рече дека барањето кое е доставено се барат материјални средства за цемент, мрежа и стубови за џамијата во Пиперево негов предлог е средсвата кој ќе се доделат да бидат во материјални средства.

Немаше друг пријавено за збор дванаесетата точката од дневниот ред : Донесување на одлука по барање за материални средства по барањерто поднесено од Џенгис Алиманов од с. Пиперево; беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со13 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема.

13.

По отворената расправа по тринајсетата точка од дневниот ред : Дискусија за пописот за збор се јави Александра Мадевска рече дека минатата седница беше отворена оваа дискусија за пописот лично сака да се обрати до советникот Ридван Мемедов да го извести неговиот ментор кога точно има сдница за тоа што тој го објавува сеуште не е изгласано законот за втор службен јазик во општина Василево да биде турскиот јазик и дека тоа е заслуга благодарение на советникот Ридван Мемедов. Како член на Советот на општина Василево не сака да коментира за тоа според неа не е во ред да се шират такви дезинформации тоа е брука за советот. Кажано е и од двете политички партии од позиција и од опозицијата дека ќе го подржат овој закон доколку стигне известување од надлежните институции на државата доколку пописот е успешен. Колку што знае таа рече дека тоа не е заслуга на советникот Ридван Мемедов бидејќи партијата на ВМРО-ДПМНЕ го бојкотираше овој попис не сакаше да реагира ниту да коментира за тоа бидејќи тоа е заслуга на колегите советници.

Ване Андонов не му е познато за тоа кој каде објавува за турскиот јазик дека е втор службен јазик во општина Василево ниту пак го интересира ниту ги чита статусите на фезбук меѓутоа тој не знае дали тие како советници треба да гласат дека општина Василево има втор службен јазик. Колку што е запознаен таа одлука нетреба да ја гласат за тоа што иде автоматски по Законот за јазици има Агенција и Министерство кој што го спроведува тој закон и не може да се каже дека благодарение на било кој да се каже дека во општина Василево ќе има втор службен јазик. Нема ништо против тоа, меѓутоа треба да се знае дека тие работи имат редослед има начин и правила како треба да се спроведе истото го кажа тоа кога зборуваше за деловникот. Рече дека и тој може да излезе со статус дека благодарение на него турската заедница ќе добие нешто што значи ниту може да даде ниту пак да земе тој на нешто што припаѓа по закон.

Билент Исинов рече дека на минатата седница се зборуваше од некаде да се почне да се реализира турскиот јазик не вика да се изгласа бидејќи јасно е кажано законски некој работи треба да почнат да се спроведуват. Има разговарано и со градоначалникот да се почне од некаде бидејќи пописот е поминат а дали некој ќе прифати или не тоа е друга работа. Со добивањето на финалните резултати и според законот што следува треба да почне да се спроведува а советникот Ридван што има објавено со нивниот лидер несака да зборува во негово име. Смета дека со задоволство се прифака како што кажа и градоначалникот да почне да спроведува секогаш ја има подршката од сите советници.

По затворената расправа тринајсетата точка од дневниот ред : Дискусија за пописот беше ставен на гласење од 13 присутни советници советници Советот на општина Василево ја усвои со13 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 9- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов